Почитувани,

Ве информираме дека трите здруженија - Друштвото на физичари на Република Македонија (ДФРМ), Сојузот на хемичари и технолози на Македонија (СХТМ) и Македонското биолошко друштво (МБД) ќе организираат обуки за наставници кои изведуваат настава по предметот природни науки. Обуките и работилниците се однесуваат на темите по природни науки од прво до четврто одделение.

Обуките ќе се одржат на 21. и 22. јануари 2020 г. на Природно-математичкиот факултет во соработка со наставници од Институтот за биологија, Институтот за хемија и Инстиутот за физика.

Дводневните обуки ќе бидат спроведени според поглавјата застапени по предметот **природни науки од прво до четврто одделени**е.

Пријавувањето на заинтересираните одделенски наставници ќе се одвива до 15. јануари 2020 год. со пополнување на формулар - https://forms.gle/j6rr7xQ5Hin2ZdAp9.

Котизацијата во износ од 1800,00 денари (жиро сметка: 300000001043853, Комерцијална банка А.Д. Скопје, Друштво на физичарите на Република Македонија). Уплатата за обуките треба да се изврши до 15. јануари 2020 г.

Програмата за работа на обуките ќе биде дополнително доставена до пријавените наставници.

Сертификатите за обуките се издаваат исклучиво по завршување на обуките.

Информацијата ќе биде доставена до сите одделенски наставници кои досега учествувале како ментори на натпреварите по природни науки, но пожелно е да ја доставите до сите одделенски наставници во вашето училиште, бидејќи контактите од оваа категорија на наставници не е комплетна.

За дополнителни информации пратете порака на fizikanatprevari@gmail.com.

Скопје, 5. декември 2019 г.

Со почит,

Доц. д-р Ламбе Барандовски, Претседател на ДФРМ

Проф. д-р Зоран Здравковски, Претседател на СХТМ

Проф. д-р Сузана Диневска Ковкаровска, Претседател на МБД